ОРГАНИЗАЦИЈА ЖЕНА ДЕЛЧЕВО
ORGANISATION WOMAN DELCEVO
ул.Орце Николов бр.24 Делчево
e-mail: oddelcevo@gmail.com

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Д Е Л Ч Е В О

Примено: 11.06.2025			
Орг. Един.	Број	Прилог	Вредност
09	Сл.		

До

Општински Совет при Локална Самоуправа

Делчево

БАРАЊЕ

Од: Организациија ЖЕНА Делчево, со ЕМБС 6035833. Ул.Маршал Тито" 104, 1/3

Почитувани,

Врз основа на потребите на жителите на Општина Делчево, Организација ЖЕНА Делчево бара да се стават предложените две точки на дневен ред на првата наредна седница;

1. Во најбрз можен рок да се постават автобуски постројки каде жителите од општина Делчево ќе можат да ја користат моменталната директна автобуската линија Делчево-Скопје-Делчево

Од исклучителна важност за безбедноста на патниците во сообраќајот е да постои чекална каде патниците ќе бидат заштитени од дожд, снег, сонце и други временски состојби.

Затоа апелираме итно да се обезбедат минимални услови за пристојно чекање на превоз, со поставување на автобуски постројки на соодветни и безбедни локации долж трасата на автобуската линија Делчево–Скопје–Делчево. Истовремено, потребно е да се означат станиците со јасна сигнализација и да се постави осветлување, особено на оние кои се користат во раните утрински и вечерни часови. Со оваа мерка ќе се придонесе за заштита на животите и здравјето на граѓаните, ќе се овозможи пристапност за сите категории патници и ќе се покаже одговорност кон потребите на локалната заедница.

2. Да се донесе одлука за изградба на јавен објект-автобуска станица.
   Во соработка со Секторот за урбанизам да се разгледат можностите за локација.

Во соработка со Секторот за урбанизам да се разгледат можностите за локација. Без лиценцирана автобуска станица, локалните превозници не се во можност да аплицираат за автобуски линии, што е пак на штета на локалното население. Изградбата на лиценцирана автобуска станица ќе овозможи подобра организираност на јавниот превоз, зголемена безбедност за патниците и можност за отворање нови линии кон други општини и региони. Со тоа ќе се подобри поврзаноста на општината, ќе се стимулира локалниот економски развој и ќе се одговори на реалните потреби на граѓаните. Секторот за урбанизам да изготви извештај со можни локации, финансиска проценка и предлог динамика за реализација

11.06.2025 година

Организација ЖЕНА Делчево
Програмски Координатор
Зоран Биковски

Организација ЖЕНА Делчево

Контакт лице Зоран Биковски
Тел. 072/256-869
e mail: z_bikovski@yahoo.com